Здружение на граѓани
Центар за граѓански комуникации
ЦГК
Бр. 0302-199/1
04-03 2022 год.
СКОПЈЕ

**До: <u>Национална агенција за европски образовни програми и мобилност</u>**
**(имател на информацијата)**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

[redacted] застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ги барам следните информации од јавен карактер:

1. Податоци за сите менаџерски договори склучени во периодот од 01.01.2011 до 31.12. 2021 година во однос на:

1.1. Име и презиме со лицето со кое се склучени;
1.2. Позицијата во акционерското друштво;
1.3. Датум на склучување;
1.4. Времетраење на договорот;
1.5. Месечен надомест (плата или друг вид на надомест);
1.6. Други предвидени бенефиции согласно договорот (бонуси, осигурување,отпремнина и сл.) и
1.7. Копија од договорите

2 Податоци за исплатените отпремнини во случај на предвремен раскин на менаџерските договори склучени во перидот од 01.01.2011 до 31.12.2021 година.

2.1. Датум на исплатата;
2.2. Основата за исплатата;
2.3. Лицето на кое е извршена исплатата и
2.4. Висината на износот на отпремнината.

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
  б) препис
  в) фотокопија
**- г) електронски запис**
  д) друго ____________________________
  (се наведува бараниот начин, со заокружување)

Национална агенција за европски образовни програми и мобилност Скопје, Република Северна Македонија
Agjencia nacionale e programeve arsimore europiane dhe e lëvizshmërisë Shk., Republika e Maqedonisë së Veriut

| Примено: / E pranuar: | 09-03-2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. / Njësia org. | Број: / Numër: | Прилог: / Shtojcë: | Вредност: / Vlera: |
| 03 | 392/1 | / | / |

Република Северна Македонија

НАЦИОНАЛНА АГЕНЦИЈА
ЗА ЕВРОПСКИ ОБРАЗОВНИ
ПРОГРАМИ И МОБИЛНОСТ

Национална агенција за европски образовни програми и мобилност Скопје, Република Северна Македонија
Agjencia nacionale e programeve arsimore europiane dhe e lëvizshmërisë Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut

Дата Datë 11-03-2022

Бр.Nr. 03-392/2

**До**

**[redacted]никации**

**Предмет: Одговор на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

**Врска ваш број: 0302-199/1 од 04.03.2022 година**

Почитувани,

Согласно вашето барање за пристап до информации од јавен карактер примено во Националната агенција за европски образовни програми и мобилност со бр. 03-392/1 од 09.03.2022 година со кое барате пристап до информација од јавен карактер која се однесува на Податоци за сите менаџерски договори склучени во периодот од 01.01.2011 година до 31.12.2021 година, Ве известуваме за следното:

Националната агенција за европски образовни програми и мобилност во периодот од 01.01.2011 година до 31.12.2021 година нема склучено менаџерски договори.

Со почит,

**директор**
**м-р Марко Ѓоргиевски**

Изготвил: м-р Јован Несторовски
Одобрил: м-р Катерина Стрезовска

Бул. Кузман Јосифовски Питу бр.17 - 1000 Скопје
Поштенски фах 796, Република Северна Македонија
Тел: 02 3 109 045, Факс: 02 3 109 043
www.na.org.mk - info@na.org.mk

Erasmus+

ЕВРОПСКИ СОЛИДАРЕН КОРПУС

## Jovan Nestorovski

**From:** [redacted]
**Sent:** [redacted]
**To:** Марко Ѓоргиевски; Jovan Nestorovski
**Subject:** Fwd: Барање за информации од јавен карактер
**Attachments:** Барање за информации од јавен карактер, Кристијан Ландов.pdf

Национална агенција за европски образовни програми и мобилност Скопје, Република Северна Македонија
Agjencia nacionale e programeve arsimore evropiane dhe e lëvizshmërisë Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut

Примено: / E pranuar: 14-07-2022

| Орг. Един. / Njësia org. | Број: / Numër: | Прилог: / Shtojca: | Вредност: / Vlera: |
|---|---|---|---|
| 03 | 890/1 | 1 | / |

[redacted]

[redacted]

( Образец ПП……)

**До: Национална агенција за европски образовни програми и мобилност**
**(имател на информацијата)**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: Кристијан Ландов, 11 октомври 33 А, 071 297 924, k@landov.mk
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: /
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер.

1. Копија од записници за примен на компјутерска опрема и периферни делови, набавени со договор внатрешен деловоден број во НАЕОПМ 05-1428/1, склучен на 29.09.2020 година помеѓу **Национална агенција за европски образовни програми и мобилност** и **Друштво за компјутерски софтвер, консалтинг, посредување, производство, трговија и услуги ИТ Солутион М ДОО експорт-импорт Долна Бањица Гостивар.**

2. Спецификацијата на уредите кои требало да се набават преку оваа јавна набавка

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- **в) фотокопија**
- г) електронски запис
- д) друго ______________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ______________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до

информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Скопје, 30.06.2022 година .** ____________________________________

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Гоце Делчев бр.18 Скопје, П.Фах.561/Goce Delcev no.18 Skopje, P.O.Box.561 тел./phone:+389 2 3127 453;+389 2 3118 038,факс/fax: 3114 695
Web: http://www.komspi.mk/ e-mail: komspi@komspi.mk

образовни програми и мобилност
Скопје Р. Македонија

Дата 01 -10- 2020

Бр. 05-1428/1

Друштво за компјутерски софтвер, консалтинг, посредување, производство, трговија и услуги
ИТ СОЛУТИОН М ДОО експорт-импорт
Бр. 0307/03-05/2
29.09.2020 год.
Долна Бањица Гостивар

**ДОГОВОР**
**за јавна набавка на компјутерска опрема и периферни делови**
**за потребите на Националната агенција**
(Дел 1: Персонални и преносни компјутери и Дел 2: Скенери, копири и друга опрема)

**Склучен на ден 29.09.2020 година во Скопје, помеѓу:**

**А. Национална агенција за европски образовни програми и мобилност**, Кузман Јосифовски Питу бр. 17, 1000 Скопје, застапувана од директорка Лидија Димова, (во понатамошниот текст „Договорен орган") од една страна, и

**Б. Друштво за компјутерски софтвер, консалтинг, посредување, производство, трговија и услуги ИТ СОЛУТИОН М ДОО ескпорт-импорт Долна Бањица Гостивар**, ул. ФАЗАНЕРИЈА I бр. 96, 1233 Долна Бањица, Гостивар, застапувано од управител Никола Киропулос (во понатамошниот текст „Носител на набавката„) од друга страна.

**ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 1**

Предмет на овој Договор е набавка на следните стоки и тоа:

а) За Дел 1: Персонални и преносни компјутери:
- Тип 1, количина 7
- Тип 2, количина 3
- Тип 3, количина 7
- Тип 4, количина 3 и
- Тип 5, количина 6.

За Дел 2: Скенери, копири и друга опрема:
- Тип 1, количина 4
- Тип 2, количина 2
- Тип 3, количина 4
- Тип 4, количина 1 и
- Тип 5, количина 4.

б) со технички спецификации (карактеристики) на стоката, согласно тендерската документација, односно техничките спецификации како составен дел на овој договор.

**ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 2**

Вкупната цена на набавката за Дел 1: Персонални и преносни компјутери и Дел 2: Скенери, копири и друга опрема изнесува 1.742.527,00 денари, а вредноста на ДДВ изнесува 93.885,00 денари, односно вкупната вредност на договорот изнесува 1.836.412,00 денари.

Во вкупната цена на набавката е засметана вредноста на придружните услуги и стоки, сите трошоци и попусти.

**Член 3**

Единечните цени на стоките се содржани во листата со понудени цени во Понудата од 01.09.2020 година како составен дел на овој Договор.

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 4**

Договорот се склучува на определено време за период од 3 (три) месеци од денот на неговото склучување до целосно исполнување на обврските на договорните страни.

**ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИСПОРАКА СТОКИТЕ**

Член 5

Рок и место на испорака

Носителот на набавката е должен предметот на набавка да го испорача во рок од 60 (шеесет) дена од денот на склучување на договорот за јавна набавка.

Член 6

Начин на испорака

Носителот на набавката е должен предметот на набавката да го испорача во седиштето на договорниот орган на следната локација бул. Кузман Јосифовски – Питу бр. 17, 1000 Скопје

Испораката на стоките ќе се смета за извршена по потпишување на испратницата од страна на овластеното лице на договорниот орган и овластеното лице на носителот на набавката.

Член 7

Квалитативен и квантитативен прием на стоките врши договорниот орган, со документ (испратница) потпишана од двете договорни страни

Во текот на примопредавањето се утврдува квалитетот и квантитетот на испорачаните стоки

## НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

Член 8

Начин на плаќање

Начинот на плаќање е:

- 100% од вредноста на договорот по целосно доставување на стоките.

Договорниот орган се обврзува плаќањето на носителот на набавката да го изврши вирмански, во рок утврден во фактурата сметано од денот на приемот во архивата на договорниот орган, на сметка и банка на носителот на набавката.

Прилог на фактурата е уредно заверена испратница.

Носителот на набавката е должен да изготви фактура без прикажан ДДВ која се однесува на исплата од донаторските средства на Европската комисија. Прилог на фактурата е испратница за испорачаната стока (технички прием), одобрен од овластено лице кај договорниот орган.

Член 9

Во случај договорниот орган да не ја плати фактурата во договорениот рок се засметува законска затезна камата во висина определена согласно позитивните законски прописи.

Член 10

Разлики во цена (корекција на цени)

Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на најповолниот понудувач ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за јавна набавка.

Член 11

Авансно плаќање

За извршување на договорот за јавна набавка не е дозволено авансно плаќање

## ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 12

Во случај на доцнење на извршувањето на услугите од страна на носителот на набавката, договорниот орган има право на надомест на штета и договорна казна.

Носителот на набавката се обврзува доколку не ја изврши услугата која е предмет на овој договор или квалитетот на истата не соодвестува со наведеното во понудата, а се резултат на непрофесионалното работење на носителот на набавката, истиот е должен да

му плати на договорниот орган договорна казна во висина од 10% од вкупната цена определена во член 2 од овој договор.

## ГАРАНТЕН ПЕРИОД

Член 13

Кога носителот на набавката, му предал на договорниот орган гарантен лист со кој производителот го гарантира исправното функционирање на стоката/те во текот на определено време, сметајќи од неговото предавање на договорниот орган, договорниот орган може, ако стоката/те не функционира исправно да бара како од носителот на набавката, така и од производителот, да ја поправи стоката/те во разумен рок од 5 дена или ако тоа не го стори, да му предаде стока/и која функционира исправно.

Член 14

Договорниот орган може поради неисправното функционирање да бара од носителот на набавката, односно од производителот поправка или замена на стоката/те во текот на гарантниот рок, без оглед на тоа кога се појавил недостатокот во функционирањето.

Тој има право на надомест на штетата што ја претрпел поради тоа што бил лишен од употребата на стоката/те од моментот на барањето поправка или замена до нивното извршување.

Член 15

Ако носителот на набавката не изврши во разумен рок од 30 дена поправка или замена на стоката/те, договорниот орган може да го раскине договорот или да ја намали цената и да бара надомест на штетата.

Член 16

Носителот на набавката, односно производителот е должен на своја сметка да ја пренесе стоката/те до местото каде што треба да се поправи, односно да се замени, како и поправената, односно заменетата стока/и да му ја врати назад на договорниот орган.

За тоа време носителот на набавката, односно производителот го поднесува ризикот за пропаѓање или оштетување на стоката/те.

Член 17

Кога во изработката на одделни делови од стоката/те или во извршувањето на одделни дејствија учествувале повеќе самостојни производители, нивната одговорност спрема финалниот производител за неисправното функционирање на стоката/те кое потекнува од тие делови или од тие дејствија престанува кога ќе престане одговорноста на финалниот производител спрема договорниот орган кој ја набавува стоката/те.

## СЕРВИСИРАЊЕ

Член 18

Во гарантниот период без надоместок се врши корективно одржување на стоката/те со потребните резервни делови и сервисни услуги.

Член 19

Носителот на набавката се обврзува дека во гарантниот период ќе ги отстрани сите грешки и технички недостатоци на испорачаната стока/и кои настанале при нејзино нормално користење.

Резервните делови за стоката/те ги обезбедува носителот на набавката.

Член 20

Со поправката на дефектот треба да се започне во најкраток можен рок, а најдоцна во рок од 24 часа од приемот на пријавата за дефект.

Поправката на дефектот ќе се врши врз основа на писмена пријава доставена од страна на договорниот орган.

Во случај договорниот орган да бара итна интервенција писмената пријава се доставува дополнително.

Член 21

Поправката на дефектите ќе се врши во сервисот на носителот на набавката.
Евентуално заменетите делови стануваат сопственост на носителот на набавката.

ВИША СИЛА

Член 22

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошло заради Виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на Вишата сила Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Член 23

Носителот на набавката мора да обезбеди заштита на податоците, во согласност со прописите за заштита на личните податоци.

ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

Член 24

Врз сите евентуални спорови кои би произлегле од овој договор, ќе се применуваат позитивните законски прописи.

РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

Член 25

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

Доколку тоа не даде резултат за решавање на споровите и недоразбирањата надлежен ќе биде Основен Суд Скопје 2 – Скопје.

УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 26

Кога една од договорните страна не ќе ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнување на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

Член 27

Кога една од договорните страна не ќе ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна, ќе и остави примерен дополнителен рок од 10 дена за исполнување на обврската.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна, може да го раскине договорот.

Член 28

Договорниот орган може да го раскине договорот и без да му остави на носителот на набавката, дополнителен рок за исполнување ако од неговото однесување произлегува дека тој нема да ја изврши својата обврска ниту во дополнителниот рок

Член 29

Кога пред истекот на рокот за исполнување на обврската е очигледно дека едната договорна страна нема да ја исполни својата обврска од договорот, другата страна може да го раскине договорот и да бара надомест на штетата.

Член 30

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање.

Член 31

Договорот не може да се раскине поради неисполнување на незначителен дел од обврската.

Член 32

Со раскинувањето на договорот двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуалната штета.

Ако една страна го извршила договорот целосно или делумно има право да и се врати она што го дала.

Ако двете страни имаат право да бараат враќање на даденото, заемните враќања се вршат според правилата за извршувањето на двостраните договори.

Секоја страна и должи на другата надомест за корист што во меѓувреме ја имала од она што е должна да го врати, односно да го надомести.

Страната што враќа пари е должна да плати затезна камата од денот кога ја примила исплатата.

Член 33

Ако по склучувањето на договорот настапат околности што го отежнуваат исполнувањето на обврската на едната договорна страна или ако поради нив не може да се оствари целта на договорот, во таа мера што е очигледно дека договорот повеќе не им одговара на очекувањата на договорните страни и дека според општото мислење би било несправедливо, да се одржи во сила таков каков што е, страната на која и е отежнато исполнувањето на обврската, односно страната која што поради промонотите околности не може да ја оствари целта на договорот може да бара договорот да се раскине.

Раскинување на договор не може да се бара ако страната што се повикува на променетите околности била должна во време на склучувањето на договорот да ги земе предвид тие околности или можела да ги избегне или да ги совлада.

Страната која бара раскинување на договорот не може да се повикува на променетите околности што настапиле по истекот на рокот определен за исполнување на нејзината обврска.

Договорот нема да се раскине ако другата страна понуди или се согласи соодветните услови од договорот да се изменат справедливо.

Ако изрече раскинување на договорот судот, на барање од другата страна, ќе ја обврзе страната што барала раскинување да и надомести на другата страна справедлив дел од штетата што ја трпи поради тоа.

Член 34

Страната што е овластена да бара поради променетите околности раскинување на договорот е должна за својата намера да бара раскинување на договорот, да ја извести другата страна штом дознала дека настапиле такви околности, а ако тоа не го сторила одговара за штетата што другата страна ја претрпела поради тоа што барањето благовремено не и било соопштено на време.

## ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 35

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договор за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

Член 36

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета

страна, без взаемна писмена согласност.

Член 37

Овој договор е составен во 3 (три) примероци, од кои 2 (два) примерока за договорниот орган и 1 (еден) примерок за носителот на набавката.

Овој договор влегува во сила со денот на неговото склучување.

**Договорен орган**
Национална агенција за
европски образовни програми и мобилност
Директорка
Лидија Димова

**Носител на набавката**
ИТ СОЛУТИОН М ДОО
Долна Бањица Гостивар
Управител
Никола Кироглулов

Составни делови на овој договор се:
а) Тендерска документација, односно технички спецификации на стоките
б) Понуда од 01.09.2020 година

## Прилог 1 – Образец на понуда

*[меморандум на понудувачот]*

Врз основа на огласот број 11390/2020 објавен од страна на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, за набавка на компјутерска опрема и периферни делови за потребите на Националната агенција со спроведување на поедноставена отворена постапка, и тендерската документација, Ја поднесуваме следната:

П О Н У Д А

<u>Дел I – Информации за понудувачот</u>

I.1. Име на понудувачот: ИТ СОЛУТИОН М ДОО Гостивар

I.2. Контакт информации

- Адреса: ФАЗАНЕРИЈА 1 96/- Гостивар
- Телефон: 070 348 896
- Факс: /
- Е-пошта: itsolmac1@gmail.com
- Лице за контакт: Никола Киропулос

IV.1.3. Одговорно лице: Никола Киропулос

IV.1.4. Даночен број: 4007020529180

IV 1 5 Матичен број: 7428340

Дел II – Техничка понуда

II.1.Согласни сме да ги понудиме следниве стоки/услуги/работи:

Дел I_ *[ако договорот не е делив, ова се брише]*

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Опис<br>*Во случај на набавка на стоки во овој дел треба да се наведе марка, модел, бренд и сл.* | Единица мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ | | Вкупна цена без ДДВ<br>(3*4) | ДДВ |
| Lenovo M70q ThinkVision S22e (Celeron G5900T, 4GB DDR4 UDIMM, 500GB HDD, USB Keyboard & Mouse, 65W PSU, Win 10 Pro, 1Y) | Тип 1 | 7 | 39.977,6 денари | | 279.843,20 денари | 13.992,16 денари |
| Lenovo M90T T24i 20 (i5-10400, 16GB, 512 GB SSD, 6G VGA, 300W PSU, Win 10 Pro, 1 Y) | Тип 2 | 3 | 88.680,15 денари | | 266 040,45 денари | 13.302,022 денари |
| Lenovo Ideapad 3 15IML (NOTEBOOK LENOVO Ideapad 3 15IML05, Platinum Gray, 15.6HD ANTIGLARE, Intel 5205U, 4GB, 256GB SSD, 2CELL 35WH, 0.3M CAMERA, 2Y) | Тип 3 | 7 | 19.464,9 денари | | 136.254,30 денари | 6.812,715 денари |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Thinkpad E14<br>(i5-10210u, 8gb, 256 ssd, fpr, bcklit kb, Win 10 Pro, 1y) | Тип 4 | 3 | 70.363,80 денари | | 211.091,40 денари | 10.554,57 денари |
| Notebook Lenovo Flex 5<br>(Notebook Lenovo Flex 5 Convertable Multi-Touch 14.0FHD IPS 250N IPS Glossy, I3 1005G1, 8GB DDR4, 256GB M.2 2280 NVME, 3CELL 52.5WH, Windows 10, Gray, Fingerprint, Backlit keyboard, LENOVO DIGITAL PEN, 1x USB Type-C (with the function of Power Delivery 3.0 only), two USB 3.1 Type-A Gen 1 (one Always on), one HDMI 1.4b, 4 in 1 media reader (MMC, SD, SDHC, SDXC), 3.5mm (0.14inch) stereo audio / microphone combo jack) | Тип 5 | 6 | 43.524,00 денари | | 261.144,00 денари | 13.057,2 денари |

| | |
|---|---|
| | Вкупна цена без ДДВ<br>1.154.373,35 денари<br>Со зборови: еден милион сто педесет и четири илјади триста седумдесет и три денари и триесет и пет дени |

[Во оваа точка понудувачот ги наведува стоките/услугите/работите кои ги нуди со сите потребни технички карактеристики на истите, а во согласност со техничките спецификации дадени во тендерската документација. Доколку е попрактично, табелата може да се прилагоди или да се замени со друга форма која договорниот орган ја смета за соодветна. Доколку договорот за јавна набавка е поделен на делови, треба да се предвидат табели за секој дел посебно со идентификување на кој дел се однесува секоја табела]

II.2. Во прилог ги доставуваме бараните брошури, каталози и слично за стоките кои ги нудиме, и тоа: ________________________________________.

*[Во оваа точка, понудувачот треба да го наведе видот на документите кои ги доставува за приказ на стоките што ги нуди. Доколку не се побарани брошури, каталози и слично, оваа точка се брише.]*

II.3. Ги прифаќаме начинот и рокот[1] на испорака утврдени во тендерската документација

**Дел III – Финансиска понуда**

III.1. Вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, кој е искажан посебно, изнесува:

| Дел | Вкупна цена без ДДВ | ДДВ |
|---|---|---|
| Дел 1 | 1.154.373,35 денари | 57.716,86 денари |
| Дел 2 | 588.154,00 денари | 36.167,7 денари |

III. 2. Детален приказ на вкупната цена на нашата понуда е даден во следнава листа на цени:

Листа на цени за дел 2 ..

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Назив | Единица мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ | | Вкупна цена без ДДВ (3*4) | ДДВ |

[1] Зборовите „рокот на испорака" се бришат во случај кога истиот не е дефиниран.

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Xerox DM Combo Scanner<br>(ADF capacity 35 pages / Duplex) | Тип 1 | 4 | 29.971,00 денари | | 119.884,00 денари | 5.994,2 денари |
| Xerox B7030<br>A3/A4 | Тип 2 | 2 | 125.000,00 денари | | 250.000,00 денари | 12.500,00 денари |
| Fellowes shredder<br>(6 pages) | Тип 3 | 4 | 13.000,00 денари | | 52.000,00 денари | 9.360,00 денари |
| Qnap TS-873-8G<br>(8-Bay NAS, AMD RX-42 IND 2.1~3.4 GHz, 8GB DDR4 RAM (max 64GB), 8x 2.5"/3.5" + 2x M.2 2280/2260 SATA 6Gb/s slots, 4x GbE LAN, optional 10GbE PCIe expansion) | Тип 4 | 1 | 81.770,00 денари | | 81.770,00 денари | 4.088,5 денари |
| Western Digital 10TB<br>(WD101EFAX) | Тип 5 | 4 | 21.125,00 денари | | 84.500,00 денари | 4.225,00 денари |
| | | | | | | |

Вкупна цена на листата без ДДВ

588.154,00 денари

Со зборови: пестотини осумдесет и осум илјади и сто педесет и четири денари

*[Доколку договорот за јавна набавка е поделен на делови, треба да се предвидат листи на цени за секој дел посебно со идентификување на кој дел се однесува секоја листа на цени.]*

III.3. Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.

III. 4. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

Место и датум

01.09.2020 Гостивар

Одговорно лице*

Никола Киропулос

(потпис)

*Образецот на понудата може да биде потпишан и од лице овластено од одговорното лице

Република Северна Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

# ФАКТУРА

## за промет ослободен од данок на додадена вредност согласно член 24-а од Законот за данокот на додадена вредност

**ДДВ-ФП-ДО**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Даночен број за ДДВ на вршителот на промет | MK 4007020529160 | Сериски број на фактура | 2801215701 00-92200121 |
| Скратен назив и адреса на вршителот на промет за контакт | IT SOLUTION M D.O.O. EKSPORT-IMPORT S.DOLNA BANICA GOSTIVAR<br>FAZANERIJA 1 br. 90/-<br>ДОЛНА БАЊИЦА | Датум на издавање | 29/01/2021 |
| | | Место на издавање | |
| | | ЕДБ на проект | 4032020101990 |
| Телефон | | Назив на проект | Договор за делегација бр.ЕАС-2020-0007 за имплементација на програмите ЕРАЗМУС+ и Еуро |
| e-mail | [illegible] | | |
| Деловна банка | Универзална Инвестициона Банка АД Скопје | Назив на институција за проект | Национална агенција за европски образовни програми и мобилност |
| Трансакциска сметка | 240240112449110 | | |

| Датум на извршен промет | Опис на извршениот промет | Количина | Единечна мерка | Единечна цена | Вкупен износ на надоместок за извршен промет (без ДДВ) |
|---|---|---|---|---|---|
| 28/01/2021 | Lenovo Ideapad 3 15IML (Notebook Lenovo Ideapad 3 15IML05,Platinum Gray 15.6HD ANTIGLARE Intel5205U,4GB,256GB SSD,2CELL 35WH,0.3M CAMERA,2Y | 7.00 | тип 3 | 18608.00 | 130255.00 |
| 28/01/2021 | Thinkpad E14 (i5-10210u 8gb,256ssd,fpr,bcklt kb, Win 10Pro,1y | 3.00 | тип 4 | 70363.00 | 211089.00 |
| 28/01/2021 | Notebook Lenovo Flex 5 (Notebook Lenovo Flex 5 Convertable Multi Touch 14.0FHD IPS 250N IPS Glossy,13-1005G1,8GB DDR4,256GB M.2 2280 NVME,2CELL 52WH | 6.00 | тип 5 | 43524.00 | 261144.00 |
| | | | | Вкупно: | [illegible] |
| | | | | Рок на плаќање: | 01/02/2021 |

Национална агенција за европски образовни програми и мобилност Скопје Р. Македонија
Примено: 29 .01. 2021
Орг. единица: 05 | Број: 4/23 | Прилог: | Вредност:

* [illegible]

** [illegible]

ЕДБ на носител / член на поврзано лице

Назив на носител / член на поврзано лице

Фактурата е издадена врз основа на пријава број 2801215701 00

Име, презиме и потпис

Друштво за компјутерски софтвер, консалтинг, производство, трговија и услуги ИТ СОЛУТИОН М ДОО експорт-импорт Долна Бањица Гостивар
SOLUTION

*ИТ СОЛУТИОН М ДОО*
Нас.Фазанерија 1 / 96 1230 Гостивар
Ж-ка: 240-2401124491-10
Депонент: УНИ Банка
ЕДБ МК4007020529180
Тел: 042 212 112
Mail: itsolmac1@gmail.com

Датум на издавање: 29.01.2021
По Договор за Јавни набавки
**05-1428/1 од 01.10.2020**
Испорака на втор дел од дел 1

Национала агенција за европски образовни програми и мобилност
Ул.Кузман Јосифовски Питу бр.17
1000 Скопје

# ИСПРАТНИЦА: 002/2021

| 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|
| Опис<br>*Во случај на набавка на стоки во овој дел треба да се наведе марка, модел, бренд и сл.* | Единица мерка | Количина |
| **Lenovo Ideapad 3 15IML**<br>(NOTEBOOK LENOVO Ideapad 3 15IML05, Platinum Gray, 15.6HD ANTIGLARE, Intel 5205U, 4GB, 256GB SSD, 2CELL 35WH, 0.3M CAMERA, 2Y) | Тип 3 | 7 |
| **Thinkpad E14**<br>(i5-10210u, 8gb, 256 ssd, fpr, bcklit kb, Win 10 Pro, 1y) | Тип 4 | 3 |
| **Notebook Lenovo Flex 5**<br>(Notebook Lenovo Flex 5 Convertable Multi-Touch 14.0FHD IPS 250N IPS Glossy, I3-1005G1, 8GB DDR4, 256GB M.2 2280 NVME, 3CELL 52 5WH, Windows 10, Gray, Fingerprint, Backlit keyboard, LENOVO DIGITAL PEN, 1x USB Type-C (with the function of Power Delivery 3.0 only), two USB 3.1 Type-A Gen 1 (one Always on), one HDMI 1.4b, 4-in-1 media reader (MMC, SD, SDHC, SDXC), 3.5mm (0.14inch) stereo audio / microphone combo jack) | Тип 5 | 6 |

ИЗДАЛ



ПРИМИЛ

Квантитативен прием

Квалитативен прием

29.01.2021